# Деменција и неконтролирано мокрење

## Зошто лицата кои имаат деменција не можат да го контролираат мочниот меур?

Лицата со деменција го губат памтењето и може да се чувствуваат збунети и збркани/дезориентирани. Ова може да доведе до прекин во работата на механизмите што се неопходни за контрола на мочниот меур.

Деменцијата предизвикува промени во мозокот кои можат да ја попречат способноста на лицето:

- да знае дека има потреба да оди по мала нужда;
- да 'издржи' додека не стигне до клозетот;
- да го најде клозетот;
- да знае кога мочниот меур е целосно испразнет; и
- да се облече/слече како што треба.

Неконтролираното мокрење може да се зголеми или да се влоши во непозната средина, или поради депресија, вознемиреност или напната состојба.

## Запомнете

Кај лицата заболени од деменција, како и кај сите други возрасни лица, неконтролираното мокрење се јавува и од други причини, како што се инфекција на мочните органи, запек, старечко запаление на вагината (надразнување на вагината после климактериум), зголемена простатна жлезда или несакани последици од некои лекови.

## Дали може да се стори нешто за лицата со деменција кои страдаат од неконтролирано мокрење?

ДА. Иако деменцијата може да ги спречи да се лекуваат на некаков начин, може многу да се стори за тие да се чувствуваат пријатно и достоинствено до максимум.

Побарајте помош од нивниот локален доктор кој можеби ќе биде во состојба директно да ги лечи или ќе ги упати да одат кај советник за контрола на мокрењето за да може да процени колку можат да се контролираат. (Видете на задната страна од оваа брошура за повеќе поединости во врска со помагалата и услугите што можете да ги добиете за контрола на мокрењето.)

## Во што се состои проценката?

Проценката се состои од физички преглед и извештај со соодветните податоци. На пример, лицето може:

- да заборави да се слече кога оди по нужда;
- да има тешкотии да го најде клозетот;

• да моча на непогодни места;
• да моча почесто отколку вообичаено;
• да ја помоча облеката/креветската пресвлека без предупредување;
• да се помоча кога станува од столица или кревет; или
• да страда од запек, пролив, или неконтролирано исфрлање на измет.

Често потребно ќе биде да се обратите кај лицето што се грижи за болниот за да ви ги даде овие важни информации и да бележи како работат мочниот меур и дебелото црево, што значи:

• Кога лицето оди по нужда и/или се подмокрува.
• Колку многу се подмокрило, на пример:
  малку = кога го навлажнува долниот веш;
  средно = кога ќе се навлажни преку сукњата/панталоните;
  сериозно = ја поплавува столицата/подот/креветот.
• Колку често лицето оди по голрма нужда.
• Колку често лицето одело по нужда пред да има деменција.

## Што може да се направи да се намали што повеќе неконтролираното мокрење и да се зачува достоинството на лицето?

1. Постојните болести, како на пример, инфекција на мочните органи, запек или старечко запаление на вагината често се подобруваат со лечење и неконтролираното мокрење може да се повлече.
2. Во некои ситуации може да се помогне со лекарства, но тие исто така можат да ја влошат состојбата и лицето повеќе да се збрка. Затоа, земањето на лекарствата мора строго да се контролира и ако се појават било какви несакани последици, ќе мора да се престане.
3. Ако е можно, поттикнете го лицето да пие шест до осум чаши течност на ден, освен ако докторот не ве советува поинаку. Ова помага да се спречи појавата на инфекција на мочните органи и запек, како и мочниот меур да се одржува во добра состојба. Избегнувајте преголеми количини на кафе, чај или кока кола затоа што кофеинот што се наоѓа во овие пијалоци може да го надразни мочниот меур и да предизвика често мокрење и силна потреба за мокрење.
4. Редовно одете по голема нужда и избегнувајте да добиете/спречете појава на запек.
5. Замолете го или потсетете го лицето да оди в клозет редовно - тогаш кога вообичаено треба да оди в клозет или пред да се подмокри.
6. Ако лицето повеќе не е во состојба да препознава кога ќе има потреба да оди в клозет, тогаш вие носете го в клозет редовно и во одредено време. Ова може да биде секои 2 до 3 часа, во зависност од тоа колку многу течности прима и колку често оди по нужда. Можеби ќе биде потребно да останете со лицето во клозетот за да му помогнете и да го потсетувате зошто се наоѓа таму. Не се препорачува да го носите лицето често в клозет (на пример, на секој час).
7. Прилагодете ја облеката, ако е можно, за да може лицето полесно да излезе на крај со неа, на пример, нека се закопчува со 'velcro fastening' (вид на лепенки) наместо со патенти или копчиња. Соблекувањето може да му биде полесно ако носи облека со која ќе може лесно да излезе на крај, како на пример, тренерки.

8. Патот кон клозетот нека биде празен без никакви препреки, а ако е потребно, користете и ноќно светло. Вратата од клозетот треба лесно да се препознава.
9. Иако со сите овие работи што се погоре наведени можеби нема да го совладате неконтролираното мокрење, тие сепак можат да ја намалат зачестеноста и сериозноста на проблемот. Квалитетот на животот што го водат болниот и лицето што се грижи за него може исто така да се подобри ако се користат некои помагала за неконторлирано мокрење како на пример, влошки и гаќи. Можно е и да се добие некаква парична помош што ќе ги покрива трошоците за овие помагала. Совети кој може да добие ваква помош, за видовите на помагала што можат да се најдат, може да се добијат ако телефонирате на National Continence Helpline (Националната информативна линија за помош во врска со контрола на мочниот меур и дебелото црево).
10. Размислете како можете да ги искористите помагалата што ви ги нуди заедницата што ќе можат да ви ја олеснат негата на лице заболено од деменција, како што се перење, пазарење, итн. Можеби во локалната област ќе бидете во состојба да ги користите службите како што е Home Help (Помош во домот) или District Nursing (Регионална служба за нега на лица во години). Советувајте се со докторот, советникот за контрола на мокрењето, медицинска сестра од здравствената служба за заедницата, или со Aged Care Assessment Services (Служба за проценка на здравствената состојба на лица во години за одредување на потребите за нега), ако тоа може да ви помогне.

## Дали при лекувањето на лице кое страда од деменција и неконтролирано мокрење, помага земањето на лекови?

Во првата прилика, докторот треба да ги прегледа сите лекарства што ги зема болниот, затоа што некои од нив всушност може да го предизвикуваат или влошуваат неконтролираното мокрење. Во некои случаи, докторот ќе препише лекови што ќе му помогнат на болниот да го совлада неконтролираното мокрење, на пример:

- Може да препише антибиотици за да се лекува веќе одредената инфекција на мочните органи.
- Терапијата за замена на хормони (во вид на таблети, фластери или вагинални кремови) може да им помогне на жените кои поминале низ климактериум за да се намали зачестеноста и силната потреба за мокрење.
- Може да препише таблети за олабавување на надразнентиот мочен меур, за зголемување на капацитетот и со тоа за намалување на силната потреба и зачестеното одење в клозет.
- Понекогаш докторот може да даде таблети што ќе му помогнат на лицето да оди по мала нужда кога ќе се затвори основата на мочниот меур или мочниот канал.

ВНИМАВАЈТЕ - овие лекарства може да имаат несакани последици како на пример, сува уста, запек, нарушена рамнотежа, незаинтересираност и рамнодушност. Земањето на лекарства бара внимателна и професионална контрола.

## Кој може да ви помогне?

- Вашиот доктор.
- National Continence Helpline (Националната информативна линија за контрола на мочниот меур или дебелото црево) на **1800 33 00 66** - повикот е бесплатен. (Може да се организира да ви помогнат преведувачи по телефон).
- Социјалните работници од вашата заедница или здравствени работници физиотерапевт.
- Специјално одредени советници за контрола на мочниот меур или дебелото црево, кои ги има во болниците, месните здравствени центри, клиниките за контрола на мочниот меур или дебелото црево, во Центрите за помош и информации или канцелариите на Continence Foundation Australia (Фондацијата за контрола на мочниот меур или дебелото црево на Австралија).

**Преведувачи.** Некои служби можат бесплатно да ви организираат помош од преведувач (ако сакате, од истиот пол). Прашајте во вашата служба.

Преведувачките услуги по телефон се поефтини и често можат веднаш да се добијат. На пример, телефонската линија Translating and Interpreting Services (TIS) Doctors Priority Line (Преведувачки услуги по телефон со приоритет на користење за доктори) им овозможува на докторите кои работат приватно да разговараат со пациентите кои слабо го зборуваат англискиот јазик. Вашиот доктор може да резервира преведувач ако телефонира на 1300 131 450.

### Можете да добиете повеќе информации од другите брошури од оваа серија:

- Неконтролирано мокрење. Што е тоа?
- Добри навики за секого за одење по мала нужда
- Програма на вежби за зајакнување на мочниот меур
- Вежби за мажи за зајакнување на мускулите на дното од карлицата
- Вежби за жени за зајакнување на мускулите на дното од карлицата
- Запек и неконтролирано мокрење
- Проблеми со мочниот меур и простата
- Производи и средства за неконтролирано мокрење или исфрлање на измет
- Неконтролирано мокрење или исфрлање на измет: Митови и факти
- Што е проценка на способноста за контрола на мочниот меур или дебелото црево?
- Десет прашања што најчесто се поставуваат
- На една од три жени што родиле им се испушта мочка
- Неконтролирано исфрлање на измет
- Операции за жени кои страдаат од неконтролирано мокрење при напор